**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**13-ти февруари, Скопје 2009**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД, Скопје објавува дека во соработка со Универзитетот Американ Колеџ, ја промовираше првата **Меѓународна образовна програма** во Македонија што нуди едно семестрален итегриран курс за студенти во втора и трета година на политички науки и бизнис администрација одржан од различни еминентни професори од странство.

Македонските студенти често ја немаат таа можност да учествуваат на различни меѓународни семинари, тренинзи, курсеви или пак да се образуваат надвор од Македонија, најчесто поради финансиски потешкотии или визниот режим, поради тоа ова претставува ексклузивна можност за проширување на знаењето во меѓународни рамки. Со оваа програма Институтот ОХРИД ќе создаде можност да македонските студенти добијат знаења од различни врвни професори од странство а и ќе се стекнат со можноста да го продолжат нивното образование во странство со стипендија овозможена од Институтот ОХРИД. Образовната програма всушност претставува иновативна платформа за учење во мултидисциплинарно поле на меѓународната политичка економија, која се фокусира на улогата на демократското владеење и развојната пазарна економија.

„Целта на оваа програма е едноставна: да им помогнеме на студентите во Македонија да го извлечат најдоброто од своите студии и да станат лидери на утрешницата. Ова е пилот програма која ексклузивно е инкорпорирана во Универзитетот Американ Колеџ и во иднина би сакале истата да ја прошириме со нови студенти, како и нови презентации, превод на нови книги, и мултимедијална училница“- истакна вчера на промоцијата, Билјана Јанева, Извршен директор на Институтот ОХРИД .

Предавањата застапени во оваа Програма ги откриваат и појаснуваат врските кои постојат помеѓу политичките и економските институции во државите во светот. Концептот кој ќе биде претставен ќе биде изграден на практични искуства на професори од ЕУ и САД (Харвард, Австрија, Германија, Рим, Чешка итн.) кои

притоа ќе инкорпорираат теории и анализи од економијата, политиката, бизнисот, правните студии и други сродни полиња.

Образовната Програма е заеднички обид кој се заснова на знаење, експертиза и искуство на еминентни партнери на Институтот ОХРИД од целиот свет, кои не само што прашањата за развојот ги разгледуваат на академско ниво, но сепак истите ги употребуваат во секојдневниот живот, во бизнис асоцијациите, економските тинк тенкови и други организации.

Еминентните професори кои придонесоа време и експертиза за подготвувањето на предавањата доаѓаат од различни држави, предаваат на различни универзитети, но сепак ја поседуваат желбата за споделување на изучените лекции со македонските студенти. Друга значајна одлика на Програмата е нејзиниот формат, како онлајн средство, кое ја прави достапна за пошироката јавност, истовремено им овозможува на студентите да се поврзат и да ги споделат своите гледишта и воедно нуди лесен пристап до мултимедијални презентации и форум кој ќе има доза на интерактивност со што студентите не само што ќе можат да ги проследат предавањата туку ќе можат да се вклучат во онлајн дискусии и размена на идеи со своите колеги.

Програмата содржи 13 теми и секоја е составена од неколку мултимедијални презентации придружени со материјали кои може да се користат како база за понатамошни дискусии.

Понудена е како изборна (изборен предмет) според принципите на кредит трнсфер системот компактибилен со стандардите на ЕУ и САД. Образовната
На крајот на семестарот ќе се организира натпревар во пишување на есеи на теми соодветни на предавањата, при што Институтот ОХРИД најдобрите 10 студенти ќе ги награди со публикување на есеј во меѓународно списание, стажирање, стипендии за 7 дневна летна школа во Виена.

* * *